Врз основа на член 24 став 1 и член 55 став 1) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија" бр.39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/15) Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 15.03.2016 година донесе

АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ
Број 1303-1206/1
15.03.2016 година

## УПАТСТВО
## ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ И ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ ЗА СТАТИСТИЧКИ ЦЕЛИ И АНАЛИЗА НА ПАЗАР И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЈАВУВАЊЕ

### Предмет и цел
### Член 1

(1) Со ова Упатство се уредува формата, содржината и начинот на доставување на информациите и финансиските податоци што операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и давателите на јавни електронски комуникациски услуги се должни да ги доставуваат на Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: Агенција) заради остварување на статистички цели и извршување на анализа на релевантен пазар, како и начинот на нивното објавување.

### Форма на информациите и финансиските податоци
### Член 2

(1) Информациите и финансиските податоци од член 1 на ова Упатство, до Агенцијата се доставуиваат во форма на:

-Квартален извештај и
-Годишен извештај

Согласно обрасците на Кварталниот извештај за вршење на одделни јавни електронски комуникациски услуги и Годишниот извештај за финансиски податоци се дадени во:
Прилог 1, Прилог 2, Прилог 3, Прилог 4, Прилог 5, Прилог 6, Прилог 7, Прилог 8, Прилог 9 коишто се составен дел на ова Упатство.

(2) Информациите и финансиските податоци кои се доставуваат до Агенцијата во форма на квартален извештај се доставуваат за период од секои 3 (три) последувателни календарски месеци почнувајќи од Јануари секоја година, и тоа:
- за првиот квартал од календарската година (1 јануари – 31 март) се доставуваат најдоцна до 30 Април,
- за вториот квартал од календарската година (1 април – 30 јуни) се доставуваат најдоцна до 31 Јули,
- за третиот квартал од календарската година (1 јули - 30 септември) се доставуваат најдоцна до 31 Октомври и
- за четвртиот квартал од календарската година (1 октомври – 31 декември) се доставуваат најдоцна до 31 Јануари наредната година.

(3) Годишен извештај за финансиски податоци од обезбедувањето на електронски комуникациски услуги до Агенцијата се доставува еднаш годишно а бараните податоци се однесуваат на целата календарска година односно периодот од 1 јануари – 31 декември. (Прилог 7)

(4) Годишниот Извештај се доставува најдоцна до 31 Мај во тековната година за претходната година.

**Содржина и начин на доставување на информациите и финансиските податоци**

**Член 3**

(1) Информациите и финансиските податоци од член 1 на ова Упатство, кои се доставуваат до Агенцијата се однесуваат на:

а) обезбедување на јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација и меѓуоператорски услуги за пренос или рутирање на национален и/или меѓународен сообраќај - (Прилог 1);
б) обезбедување на јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа и меѓуоператорски услуги за пренос или рутирање на национален и/или меѓународен сообраќај - (Прилог 2);
в) обезбедување на услуги за изнајмени линии – (Прилог 3);
г) обезбедување на услуги за пристап на Интернет (Прилог 4);
д) обезбедување на услуги за пренос и реемитување на радио и телевизиски сервиси – (Прилог 5);
ѓ) обезбедување на услуги врзани во пакет– (Прилог 6);
е) годишни финансиски податоци – (Прилог 7)
ж) обезбедување на услуги меѓународен роаминг- (Прилог 8);
з) мрежна покриеност и изнајмување на мрежа- (Прилог 9).

(2) Кварталниот извештај од став 1 точка а) на овој член, содржи информации и финансиски податоци утврдени со член 55 став 1) од Законот за електронските комуникации, и тоа особено за :

А. Малопродажба

1. Број на главни линии според пристапна мрежа и технологија,
2. Приходи од претплатници на поединечна услуга од услугата пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација (во денари без ДДВ),
3. Реализиран телефонски сообраќај (во број на повици) од поединечна услуга и услуга врзана во пакет,
4. Реализиран телефонски сообраќај (во минути) од поединечна услуга и услуга врзана во пакет,
5. Приходи од реализиран телефонски сообраќај (во денари без ДДВ),
6. Вкупни приходи остварени од обезбедување на малопродажни услуги (во денари без ДДВ).

Б. Големопродажба

1. Услуга за започнување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација (за оператор што обезбедува големопродажна услуга),
2. Избор и предизбор на оператор (за оператор што користи големопродажна услуга),
3. Услуги за завршување и транзитирање на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација,
4. Вкупни приходи од големопродажба (во денари без ДДВ).

(3) Кварталниот извештај од став 1 точка б) на овој член, содржи информации и финансиски податоци утврдени со член 55 став 1) од Законот за електронските комуникации, и тоа особено за:

А. Малопродажба

1. Број на активни претплатници,
2. Реализиран телефонски сообраќај (во број на повици),
3. Реализиран телефонски сообраќај (во минути),
4. Број на SMS пораки,
5. Број на MMS пораки,

3. Број на активни M2M (machine to machine) СИМ картички, Реализиран сообраќај (GB) број на SMS пораки и Приходи (во денари без ДДВ),
4. Активни претплатници со фиксен пристап до интернет со тесен опсег,
5. Приходи од активни претплатници со фиксен пристап до интернет со тесен опсег,
6. Активни претплатници со фиксен пристап до Интернет со широк опсег по технологија,
7. Број на активни претплатницисо фиксен пристап до Интернет со широк опсег по пристапна брзина (поединечна услуга и услуга врзана во пакет),
8. Реализиран сообраќај (во GB) (поединечна услуга и услуга врзана во пакет) од активни претплатници со фиксен пристап до Интернет со широк опсег,
9. Приходи од активни претплатници со фиксен пристап до Интернет со широк опсег (поединечна услуга) во денари без ДДВ.

(6) Кварталниот извештај од став 1 точка д) на овој член, содржи информации и финансиски податоци утврдени со член 55 став 1) од Законот за електронските комуникации, и тоа особено за:

1. Број на активни претплатници,
2. Приходи од поединечна услуга (во денари без ДДВ).

(7) Кварталниот извештај од став 1 точка ѓ) на овој член, содржи информации и финансиски податоци утврдени со член 55 став 1) од Законот за електронските комуникации, и тоа особено за:

1. Услуги кои ги содржи пакетот,
2. Број на претплатници,
3. Видови на услуги врзани во пакет (Фиксна телефонија, Широкопојасен пристап на интернет, ТВ услуги, Мобилен интернет дедицирани СИМ картички, Мобилна телефонија),
4. Приходи од еднократен надомест (во денари без ДДВ),
5. Приходи од месечен надомест (во денари без ДДВ),
6. Приходи од терминална опрема (во денари без ДДВ),
7. Останати приходи (во денари без ДДВ),
8. Вкупни приходи од обезбедување на услуги врзани во пакет (во денари без ДДВ).

(8) Годишниот Извештај за финансиски податоци од став 1 точка е) на овој член, содржи информации и финансиски податоци утврдени со член 55 став 1) од Законот за електронските комуникации, и тоа особено за:

1. Финансиски индикатори,
2. Инвестиции (во денари без ДДВ).

(9) Кварталниот извештај од став 1 точка ж) на овој член, содржи информации и финансиски податоци утврдени со член 55 став 1) од Законот за електронските комуникации, и тоа особено за:

1. Број на роаминг претплатници.

А. Малопродажба

2. Роаминг-Обем на сообраќај (минути) во Евро зоната,
3. Роаминг-Обем на сообраќај (минути) надвор од Евро зоната,
4. Роаминг-Број на СМС пораки,
5. Роаминг- Пренос на податоци обем на сообраќај (МБ),
6. Роаминг Приходи од сообраќај (во денари без ДДВ),
7. Приходи од СМС (во денари без ДДВ),

6. Приходи од претплатници на поединечна услуга (во денари без ДДВ).

Б. Големопродажба

1. Сообраќај (во минути) кој завршува во мрежата на операторот,
2. Сообраќај што транзитира низ мрежата во минути,
3. Национален роаминг,
4. Број на SMS пораки,
5. Број на MMS пораки,
6. Приходи (во денари без ДДВ),
7. Вкупни приходи остварени од обезбедување на големопродажни услуги (во денари без ДДВ),

(4) Квартalниот извештај од став 1 точка в) на овој член, содржи информации и финансиски податоци утврдени со член 55 став 1) од Законот за електронските комуникации, и тоа особено за:

А. Малопродажба

1. Број на изнајмени линии за податочно поврзување (точка-точка или точка-повеќе точки),
2. Приходи (во денари без ДДВ) од изнајмени линии за податочно поврзување (точка-точка или точка-повеќе точки).

Б. Големопродажба

1. Терминирани и преносни сегменти на изнајмени линии (за оператор што обезбедува големопродажна услуга)
2. Приходи од терминирани и преносни сегменти на изнајмени линии (за оператор што обезбедува големопродажна услуга)
3. Терминирани сегменти на изнајмени линии- вкупно линии (за оператор што обезбедува големопродажна услуга),
4. Преносни сегменти на изнајмени линии- вкупно линии (за оператор што обезбедува големопродажна услуга),
5. Приходи (во денари без ДДВ) од терминирани сегменти на изнајмени линии - вкупно линии (за оператор што обезбедува големопродажна услуга)
6. Приходи (во денари без ДДВ) од преносни сегменти на изнајмени линии - вкупно линии (за оператор што обезбедува големопродажна услуга),
7. Терминирани и преносни сегменти на изнајмени линии (за оператор што користи големопродажна услуга),
8. Приходи од терминирани и преносни сегменти на изнајмени линии (за оператор што користи големопродажна услуга),
9. Терминирани сегменти на изнајмени линии- вкупно линии (за оператор што користи големопродажна услуга),
10. Преносни сегменти на изнајмени линии- вкупно линии (за оператор што користи големопродажна услуга).

(5) Квартalниот извештај од став 1 точка г) на овој член, содржи информации и финансиски податоци утврдени со член 55 став 1) од Законот за електронските комуникации, и тоа особено за:

А. Малопродажба

1. Активни претплатници на мобилен пристап до интернет (без дедицирани СИМ картички), Реализиран сообраќај (GB) и Приходи (во денари без ДДВ)),
2. Активни претплатници на мобилен пристап до интернет (само дедицирани СИМ картички), Реализиран сообраќај (GB) и Приходи (во денари без ДДВ)),

8. Приходи од роаминг пренос на податоци (во денари без ДДВ).

Б. Големопродажба (од странци роамери кои што роамирале во мрежата на домашниот оператор)

1. Роаминг говорни повици, сообраќај и приходи остварени од странци роамери кои роамирале во мрежа на домажен оператор,
2. Големопродажба СМС, број на СМС и приходи остварени од странци роамери кои роамирале во мрежа на домажен оператор,
3. Големопродажба пренос на податоци, сообраќај и приходи остварени од странци роамери кои роамирале во мрежа на домажен оператор,
4. Склучени договори со оператори во наведени земји од група и надвор од група,

В. Големопродажба (од претплатници на домашен оператор кои роамирале надвор од државата)

5. Големопродажба говорни повици, сообраќај и трошоци за остварен сообраќај од претплатници на домашен оператор кои роамирале надвор од државата,
6. Големопродажба СМС, број на СМС и трошоци остварени од претплатници на домашен оператор кои роамирале надвор од државата,
7. Големопродажба пренос на податоци, сообраќај и трошоци за остварен сообраќај од претплатници на домашен оператор кои роамирале надвор од државата.

(10) Кварталниот извештај од став 1 точка з) на овој член, содржи информации и финансиски податоци утврдени со член 55 став 1) од Законот за електронските комуникации, и тоа особено за:

А. Мрежна покриеност

1. Вкупен број на пристапни линии (активни преку кои што се нуди барем една услуга и неактивни (покривање)),
2. Активни пристапни линии (активни преку кои што се нуди барем една услуга (искористеност)),

Б. Меѓународен капацитет

1. Меѓународен капацитет на интернет (Mbit/s),
2. Меѓународен сообраќај на интернет (GB).

В. Инвестиции во мрежа

1. Инвестиции во мрежа и услуги (во денари без ДДВ).

Г. Големопродажба (за оператор што обезбедува големопродажна услуга),

1. Број на склучени договори и број на главни разделници,
2. Изнајмување на големо на претплатнички линии,
3. Изнајмување на големо на претплатнички линии (оптика),
4. Разврзан пристап на локална јамка,
5. Големопродажба на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга- бакар,
6. Големопродажба на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга- оптика,
7. Големопродажба на услуга физички пристап (канали, оптички влакна..).

Д. Големопродажба (за оператор што користи големопродажна услуга)

1. Број на главни разделници,
2. Изнајмување на големо на претплатнички линии (бакар),
3. Изнајмување на големо на претплатнички линии (оптика)
4. Разврзан пристап на локална јамка,
5. Големопродажба на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга- бакар,
6. Големопродажба на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга- оптика,
7. Големопродажба на услуга физички пристап (канали, оптички влакна..).

(11) Кварталниот и Годишниот извештај треба да бидат заверени со потпис од законскиот застапник на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа или давателот на јавна електронска комуникациска услуга или лице овластено од законскиот застапник, а документот со кој се потврдува овластувањето на законскиот застапник треба да биде заверен со печат на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа или давателот на јавна електронска комуникациска услуга. Доколку операторот на јавна електронска комуникациска мрежа или давателот на јавна електронска комуникациска услуга е група на компании (асоцијација, спојување, итн.), се доставува извештај за секоја компанија посебно која спаѓа во структурата на групата.

(12) Агенцијата ги анализира, обработува, сумира и објавува добиените податоци од операторите на јавните електронски комуникациски мрежи и давателите на јавни електронски комуникациски услуги на својата веб-страна, во форма на извештаи на Агенцијата и тоа: Квартален извештај за развој на пазарот за електронски комуникации (Прилог 10) и Годишен извештај за развој на пазарот на електронски комуникации (Прилог 11) во согласност со член 12 од Законот за електронски комуникации. Агенцијата Кварталните извештаи ги објавува за тековниот квартал во рок не пократок од 3 месеци по завршување на релевантиот квартал.

(13) Извештите на Агенцијата од став 12 на овој член, содржат информации и финансиски податоци од став 2-10 на овој член, и тоа особено за:

1. Листа на услуги за нотификација на субјекти,
2. Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации,
3. Вкупно приходи остварени на пазарот за електронски комуникации во РМ,
4. Индикатори- Пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација и јавно достапни локални, национални и меѓународни повици на фиксна локација,
5. Индикатори- Мобилна телефонија,
6. Индикатори- Пристап до интернет,
7. Индикатори- Пренос на радио и ТВ сигнали до крајни корисници,
8. Индикатори- Изнајмени линии,
9. Индикатори- Изнајмување на мрежа,
10. Индикатори – Услуги врзани во пакет,
11. Индикатори – Преносливост на броеви.

(14) Доколку Агенцијата утврди дека податоците содржани во Кварталниот и Годишниот извештај што се доставува до Агенцијата не се во согласност со реалните податоци на писмено барање на Агенцијата во согласност со член 55 став 4 од ЗЕК , операторите на јавни електронски комуникациски мрежи треба да доставаат точни податоци и информации до Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на барањето.

(15) Обрасците на Кварталниот извештај за вршење на одделни јавни електронски комуникациски услуги и Годишниот Извештај за финансиски податоци се дадени во Прилог 1, Прилог 2, Прилог 3, Прилог 4, Прилог 5, Прилог 6, Прилог 7, Прилог 8, Прилог 9 и Извештаите на Агенцијата се дадени во Прилог 10 и Прилог 11 на ова Упатство и се негов составен дел.

**Завршни одредби**
**Член 4**

(1) Со денот на влегување во сила на ова Упатство, престанува да важи Упатството за обезбедување на информации и финансиски податоци бр.1303-1495/2 од 03.09.2013 година донесено од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации.

(2) Ова Упатство влегува во сила со денот на неговото донесување, а по влегувањето во сила ќе се објави на веб-страната на Агенцијата за електронски комуникации.

Изработил:
Петар Тасев

Раководител на Сектор за Регулатива:
Кристина Божиновска

Советник за регулаторни прашања:
Владимир Ристевски

Скопје, 15.03.2016 год.

Агенција за електронски комуникации
Директор
Сашо Димитријоски